Назив на проектот: „Механизам за превенција од корупција“
Референтен број на проектот: SB MKD NI 01/2023-003
Назив на организацијата-носител: ФЛОРОЗОН Центар за еколошка демократија Скопје
Назив на програмата: СМАРТ БАЛКАН
ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО ЗА ПОВРЗАН ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Опис на работна задача за експертски услуги за активноста 2.1 Подготовка и дисеминација на документ за јавни политики**

Според Б.Л. 4.1 Подготовка на документ за јавни политики

| | |
|---|---|
| **Цели на проектот:** | Општата цел на проектот е да даде придонес во борбата против корупцијата преку воспоставување соработка и партнерство помеѓу ГО, граѓаните и клучните антикорупциски институции и нивните соодветни тела.<br><br>Специфичните цели на проектот се:<br>• Зголемување на капацитетите и знаењето на ГО во антикорупциските практики<br>• Овозможување ефективен механизам за справување со еколошката корупција<br>• Подигнување на јавната свест за еколошките корупциски нишки и нивните последици |
| **Цели на активноста 2.1:** | Документот за јавни политики за спречување на корупцијата во животната средина ќе биде концизен документ кој дава преглед на проблемот со корупцијата во секторот за животна средина и препорачува конкретни активности кои креаторите на политиките можат да ги преземат за негово решавање. Документот ќе се заснова на заклучоците кои произлегуваат од Анализата и работилницата и ќе служи како водечка алатка за застапување за време и по завршувањето на проектот. |
| **Генерален опис на ангажманот:** | Подготовка на документ за јавни политики |
| **Задачи:** | • Деск истражување и состаноци со релевантни засегнати страни, доколку е потребно<br>• Редовна комуникација и размена на информации со проектниот тим<br>• Развој и креирање на содржина во документот, согласно претходно доставените документи, поставените начела и побаруваните елементи<br>• Финализирање и поднесување на финален продукт – документ за јавни политики<br>• Подготовка и поднесување на извештај за спроведените активности за време на ангажманот |
| **Продукт(и) од ангажманот:** | Подготвениот документ за јавни политики треба да ги содржи следните елементи:<br>• Извршно резиме<br>• Позадина со опис на проблемот со еколошката корупција вклучувајќи причини, последици и конкретни примери<br>• Анализа на постоечките политики и регулативи: проценка на постоечките политики, закони и регулативи поврзани со заштитата на животната средина и управувањето со природните ресурси, евалуација на нивната ефикасност во спречувањето на корупцијата и преглед на клучните слабости и празнини |

<table>
<tr><td></td><td><ul><li>Нацрт подобрувања на политиките како резиме на главните наоди и препораки и преглед на следните чекори што треба да се преземат за справување со еколошката корупција</li></ul>Документот на јавна политика треба да биде напишан на јасен и концизен начин и ќе биде достапен за широк опсег на засегнати страни, вклучувајќи владини претставници, граѓански организации и пошироката јавност.</td></tr>
<tr><td>Локација:</td><td>Скопје</td></tr>
<tr><td>Период на спроведување:</td><td>Ангажманот ќе вклучува вкупно осумнаесет (18) експертски денови, во периодот од 29-ти Февруари до 31-ви Март 2024 година.</td></tr>
<tr><td>Потребни квалификации и вештини:</td><td><ul><li>Универзитетска диплома во областа на право, јавна администрација, политички и општествени науки, економија и слични области</li><li>Добри аналитички вештини</li><li>Најмалку пет години искуство во креирање на документи за јавни политики (предност ќе биде областа животна средина и антикорупција)</li><li>Повеќегодишно работно искуство во областа на борбата против корупцијата</li><li>Искуство во креирање на квалитетни документи за јавни политики, како и останати слични продукти</li></ul></td></tr>
<tr><td>Критериуми за оценување:</td><td><table>
<tr><th>Сегменти</th><th>Поени</th></tr>
<tr><td>Работна биографија</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Искуство/компетентност/квалификации</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Методологија</td><td>20</td></tr>
<tr><td>Цена</td><td>20</td></tr>
<tr><td>Вкупно поени</td><td>100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>Кој може да аплицира:</td><td>Физички и правни лица</td></tr>
<tr><td>Документи се потребни за поднесување на апликација:</td><td>Правните лица треба да поднесат портфолио, работна биографија на експертот кој планираат да го вклучат, предлог методологија, финансика понуда, ДРД формулар и тековна состојба.<br>Физичките лица треба да поднесат работна биографија, портфолио (референци од претходно релевантно искуство), предлог методологија и финансиска понуда.</td></tr>
<tr><td>Локација и рок за поднесување на апликации:</td><td>Електронски на project@florozon.org.mk или contact@florozon.org.mk<br>или<br>Лично до канцеларијата на Флорозон на Ул. Никола Парапунов бр. 41/102, 1000 Скопје<br>Краен рок за поднесување на апликација е 26-ти Февруари 2024 година</td></tr>
</table>

Бр. 0302/21-3

Скопје, 19.02.2024